Дел. број: 02-6971/2
Датум: 26-11-2019
Број на страници:______

Бис.

Врз основа на член 55, став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19 и 110/19), Законот за заштита од вознемирување на работно место („Службен весник на Република Македонија“ бр. 79/13 и 147/15), како и Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија бр.01-6971/1 од 26.11.2019 година, Министерката за одбрана донесе

# РЕШЕНИЕ

## за определување на овластено лице и родови претставници во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија

1. **Предмет**

Со ова решение се определуваат Овластено лице во Министерството за одбрана и Армијата и родови претставници за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Министерството и Армијата), согласно Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија.

2. **Овластено лице и родови претставници**

2.1. За овластено лице за заштита од вознемирување на работното место во Министерството и Армијата се определува:
- потполковник Орданче Тодоров, советник за одбранбени прашања во Кабинет на Министерката за одбрана.

2.2. За контакт лица за обраќање за совет и помош при вознемирување согласно член 4 од Упатството за заштита од вознемирување на работното место се определуваат следните родови претставници во Министерството за одбрана:
- потполковник Антониела Станковска Будимир, советник за финанисии и буџет, Сектор - Служба за воена безбедност и разузнавање;
- Кети Ристеска - раководител за одбранбена политика, Сектор за политика и планирање;
- Билјана Костадиновска-соработник за стратегиско планирање на мултилатерална и регионална соработка, Сектор за политика и планирање;
- мајор Елма Демировска-советник за аквизиција, Сектор за логистика;
- потполковник Роберт Врќаковски-советник за устројување и евиденција на недвижности, Сектор за недвижности;
- Афрдита Волина-советник за политика, планирање и евалуација на обуките, Сектор за човечки ресурси;
- Билјана Стевкова - раководител на одделение, Сектор за човечки ресурси;
- Елена Иванова–виш соработник, Сектор за човечки ресурси;
- Илјаса Салихи–помлад соработник за анализи, Сектор за финансии;
- Климентина Ангелеска-советник за планирање, Сектор за финансии;

- мајор Шукрие Асани-извршител по логистика, Воена Академија;
- Елена Трајановска - лектор за англиски јазик, Воена Академија;
- Марија Јанкова - референт, Сектор за правни работи;
- Жанет Ристоска–советник, Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка;
- потполковник Страшо Стојчески-советник за операциии, Сектор за меѓународна соработка; и
- Мамудие Мустафа-помлад референт, Сектор за цивилно воена соработка со регионални центри за одбрана.

2.3. За контакт лица за обраќање за совет и помош при вознемирување согласно член 4 од Упатството за заштита од вознемирување на работното место се определуваат следниве родови претставници во Армијата:
- потполковник Јетнор Марке, Генералштаб на Армијата;
- мајорка Мери Стаменковска Бошковска, Генералштаб на Армијата;
- ЦЛ Ленче Белчовска, Генералштаб на Армијата;
- мајор Неврез Лимани, гарнизон Скопје;
- мајор Јакупи Емини, гарнизон Скопје;
- капетанка Селма Биберовиќ, гарнизон Скопје;
- мајор Блерим Баланца, гарнизон Петровец;
- поручничка Зорица Здравкова Николова, гарнизон Петровец;
- потполковничка Жаклина Антевска, гарнизон Куманово
- капетан Бујар Арифи, гарнизон Куманово;
- мајорка Ирена Стојановска, гарнизон Прилеп;
- поручник Блерим Хасалари, гарнизон Прилеп;
- п.пор.Газменд Билали, гарнизон Кичево;
- ЦЛ Емилија Тодорова, гарнизон Кичево;
- потполковник Игор Станковски, гарнизон Тетово;
- капетан Исак Иљази, гарнизон Тетово;
- мајор Соња Кучкова, гарнизон Штип и Криволак;
- постар водник Дејан Јакимов, гарнизон Штип и Криволак;
- полковник Љуљзим Нуредини, гарнизон Велес; и
- мајор Весна Лафтова, гарнизон Велес.

## 3. Задолженија на овластеното лице и родовите претставници

3.1. Овластеното лице од член 2. Точка 2.1. на ова решение:
- извршува работни задачи што се однесуваат на заштитата од вознемирување на работното место согласно Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- обезбедува стручна помош и совет на вработените во Министерството и Армијата;
- прима пријави/барања од вработените за заштита од вознемирување на работното место;
- врши разговор со вработените во Министерството и Армијата од областа на заштита од вознемирување на работно место;

- по обраќање на вработен/а за вознемирување на работното место, постапува согласно Законот за заштита од вознемирување на работно место и Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија и го/ја известува Министерот/ката за одбрана за настанот;
- работи на подигнување на свеста за механизмите за заштита од вознемирување на работно место;
- обезбедува брзо, фер, темелно и дискретно спроведување на интерна постапка за заштита од вознемирување на работното место;
- посредува при избор на посредник во интерната постапка, а по потреба и претставник/ци од синдикатот, на вознемиреното лице и вршителот/ката;
- ги чува предметите за постапките за заштита од вознемирување согласно законските прописи;
- изработува информации, анализи и извештаи од доменот на својата работа.

3.2 Родовите претставници во Министерството и Армијата од член 2 точка 2.2. и 2.3. на ова решение:
- даваат мислења и совети на раководниот и командниот кадар за воспоставените механизми за заштита од вознемирување на работното место;
- при обраќање, односно пријавување на вознемирување на работно место даваат совет и помош согласно Упатството за заштита од вознемирување на работното место во Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија;
- соработуваат со овластеното лице во Министерството за одбрана и Армијата за заштита од вознемирување на работното место;
- водат евиденција и извештаи за активностите од областа на заштитата од вознемирување на работното место.

4. Согласно член 12 од Законот за заштита од вознемирување на работното место, контакт податоците за лицата од член 2 на ова решение, како и на посредниците во случај на вознемирување на работно место одредени со решение на Министер за одбрана број 02 – 1070/3 од 05.03.2018 година, се објавуваат на веб страницата на Министерството и Армијата на Република Северна Македонија.

5. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе отпочне со примена на ден 02 Декември 2019 година.

**Изработил:** Орданче Тодоров, потполковник, кабинет на Министерката за одбрана

**Контролирала:** Катерина Ставреска, шефица на кабинет на Министерката за одбрана

**Радмила Шекеринска - Јанковска**
**Министерка за одбрана**

**Доставено до:** Кабинет на МО; Заменик министер, ДС; КНГШ; Државни советници; сите сектори и самостојни одделенија, Воена академија, именуваните, Архива